**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 1 јули 1998 год.**

**Скопје, јули 1998 година**

## 96 -Т8 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 1 ЈУЛИ 199S ГОДИНА

Дискутанти:
1. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 1 5
2. ИЛИЕВСКИ МИТКО - 16
3. КАРОБ ИЛИЈА - 15
4. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 7, 12, 18
5. ЗИБЕРИ НАСЕР - 6,12,14,15,1б- (потпр. на Влада)
6. НАЈД0ВСКИ СЛОБОДАН - 5, 6
7. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1. ( води сед.)
8. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 12, 14

Дневен рев: стр.3

- Усвојување на Днев. рел и предлози за дополна

Точка 2- стр 17- Прелл0г за

Дон. на Закон за задолж. на РМ кај Европската инвестициона банка по договор за кредит.

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 јули 1998 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 17,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам 96-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Стефановски, Ристо Марковски, Борис Павлов и Душан Данев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се:претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Дозволете ми во ваше и мое име да му го честитам роденденот на пратеникот Јован Николов и да му посакам добро здравје и успех во работата.

Записниците од 91-та и 94-та седница на Собранието Ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од 91-та и 94-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Пратениците Драгољуб Поповиќ, Слободан Богдановски, Благоја Стојкоски, Александар Ивановски, Персида Малинска и Драган Митевски поднесоа Предлог на одлука за огласување именување на заменик на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Куманово и предлагаат тој да биде разгледан на оваа седница.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (5б пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на одлуката за правилата за рамноправно медиумско претставување за избор на пратеници во 1998 година, наместо на оваа седница ќе го разгледаме на наредната седница која е закажана за 15 овој месец.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесе предлози на одлука за изменување на одлуката за избор на претседател и членови на одбор на меморијалниот простор во зградата на Собранието на Република Македонија; предлог на одлука за именување на членови на посебната комисија за изготвување предлог за именување на директор на ООЗТ и работна организација Медицински факултет Скопје, и предлози на одлуки за избор на членови на управните одбори на јавните здравствени организации:општинска аптека Кочани, Медицински центар, академик проф. Димитар Арсов, Крива Паланка, Медицински центар - Охрид и Завод за физикална медицина и рехабилитација Скопје и предлага тие да бидат разгледани на оваа седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Кој е за Предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесе Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Советот за научно - културните средби "10 дена Крушевска Република" и предлага тој да биде разгледан на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Двајца пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?
Еден пратеник се воздржува од гласање.
Констатирам дека предлогот е усвоен.
Пратениците Исмет Рамадани и Алил Џаферовски поднесоа Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд Скопје II Скопје, и предлагаат тој да биде разгледан на оваа седница.
Кој е за предлогот, молам да крене рака.
60 пратеници гласаа за.
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Предлогот е усвоен.
Законодавно-правната комисија поднесе барање за давање автентично толкување на член 17 од Законот за радиодифузната дејност, поднесено од Советот за радиодифузија и предлага тоа да биде разгледано на оваа седница.
Барањето и Извештајот на ЗПК ви се поделени.
Кој е за Предлогот на Комисијата, молам да крене рака?
58 пратеници гласаа за.
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Предлогот е усвоен.
Пратениците Алил Џаферовски и Зоран Шапуриќ поднесоа Предлог на одлука за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ и предлага тој да биде разгледан на оваа седница.
Предлогот на одлуката ви е поделен.
Кој е за Предлогот, молам да крене рака?
57 пратеници гласаа за.
Дали некој има против? (Никој).
Дали некој се воздржува од гласање?
Еден пратеник се воздржува од гласање.
Констатирам дека Предлогот е усвоен.
Пратениците Митко Илиевски, Илија Гоцевски, Љупчо Беличев предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување и именување заменици, заменик на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Берово.
Предлогот на одлуката ви е поделен.
Кој е за предлогот, молам да крене рака?
58 пратеници гласаа за.
Дали некој има против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање?
Еден пратеник се воздржува од гласање.
Констатирам дека Предлогот е усвоен.
Пратениците Мирко Иванов, Санде Џамбазовски, Драган Георгиев, Ристо Масев и Ристо Трајковски поднесоа Предлог на одлука за огласување и именување заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Струмица и во Основното јавно обвинителство во Штип и предлагаат тој да биде разгледан на оваа седница.
Кој е за предлогот, молам да крене рака?
55 пратеници гласаа за.
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање?
Еден пратеник се воздржува од гласање.
Констатирам дека Предлогот е усвоен.
Предлагачот на законот, пратеникот Звонко Каров го повлекува Предлогот за донесување закон за изменвување и дополнвување на Законот за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во кои РМ и Агенцијата на РМ за трансформација на претрпијатијата со општествен капитал има акции, односно удели, со Предлог на на закон, од оваа седница и предлага да биде на дневен ред за наредната седница.
Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.
1. Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за труд и социјална политика Насер Зибери;

2. Предлог за донесување на закон за задолжување на РМ кај Европската инвестициона банка по договор за кредит, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за откуп на побарувањата на правните лица од РМ од Ирак и Кувајт, од страна на РМ, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за зголемување на вработувањето, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичката војна на Македонија, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ратификацина на Спогодбата за трговија со текстилни производи меѓу Република Македонија и Европската заедница, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за формирање фонд за поттикнување на развојот на стратешките земјоделски култури и производи, со Предлог на закон;

9. Предлог на Програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 1998 година;

10. Предлог за избор на претседател на Основниот суд во Прилеп;

11. Предлог за избор на судии на основните судови Скопје II Скопје, Гевгелија и Прилеп;

12. Предлог на одлука за огласување именување на заменик на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Куманово;

13. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Одборот на меморијалниот простор во зградата на Собранието на РМ:

14. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Општинска аптека - Копани;

15. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствеан организација Медицински центар - Крива Паланка;

16. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Охрид;

17. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за физикална медицина и рехабилитација - Скопје;

18. Предлог на одлука за именување на членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување директор на ООЗТ Институти и работна организација Медицински факултет - Скопје;

19. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Советот за научно - културни средби "Десет дена Крушевска Република";

20. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд Скопје II - Скопје;

21. Барање за давање автентично толкување на член 17 од Законот за радиодифузна дејност, поднесено од Советот за радиодифузија;

22. Предлог на одлука за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата на Собранието на РМ;

23. Предлог на одлука за огласување и именување заменик на основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство - Берово;

24.Предлог одлука за огласување именување заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Струмица и во Основното јавно обвинителство во Штип.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници, на Деведесетата седница на Собранието на РМ побарав информација од страна на Владата на РМ, во врска со спроведување на стечајната постапка во Штедилницата ТАТ, На таа седница беше одговорено дека Владата на РМ ќе изготви и на наредната седница односно 91-та седница на Собранието ќе му достави Информација во однос на стечајната постапка во ТАТ. Тоа на 91-та седница не беше сторено и на 91-та седница, според овој записник кој денес го усвоивме истото го побарав и од претставникот на Владата на РМ , г-динот Насер Зибери, бевме известени дека Владата на РМ ќе ја подготви бараната информација. Тоа беше на седницата што се одржа на 20-ти мај. Од тогаш до денес помина прилично време, Владата на РМ не остана доследна на своето ветување пред пратениците на Собраниеот на РМ.

Затоа, барам, со оглед на тоа што помина прилично време одкако Владата ја презема

таа обврска, денес како посебна точка на дневен ред да поставиме Владата да изготви и на Собранието да ја поставиме точката Информација за спроведување на стечајната постапка во штедилницата ТАТ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Насер Зибери, потпретседател на Владата.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Пратеникот е во право, меѓутоа, Владата сеуште ја нема утврдено информацијата и од тие причини не е доставена до пратениците. На следната седница таа ќе биде на дневен ред и откако ќе ја утврди Владата, ќе можеме да ја доставиме на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Најдовски?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

(Од место). Се согласувам. Во стеногравските белешки ќе стои.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се согласува г-динот Најдовски.

Да се држи до зборот потпретседателот на Владата.

Г-дин Коцевски има збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, со оглед на фактот што ова е една од последните седници на Собранието во овој мандат, а имајќи ја предвид уставната позиција на Собранието да врши политичка контрола и надзор врз работата на Владата во мое име и во име на пратеничката група на ЛДП, предлагам Владата да достави информација за исполнвувањето на ветувањето на претседателот на Владата во борбата против корупцијата, криминалот и организираниот криминал, дадени на 59-та седница на Собранието на РМ одржана на 20-ти март.1997 година во расправата за аферата ТАТ.

Пред да кажам кои се причините поради кои бараме Владата да изготви ваква информација, би сакал да ве потсетам *со* цитати на дел од излагањето на премиерот на Владата на таа седница, за да можете да сватите колку е важно Владата да презентира одговор што од тоа што претседателот преку својот говор на оваа говорница и го вети на македонската јавност на таа чуена седница на Собранието од 20-ти март 1997 година.

Цитирам: "И морам да ви кажам дека кај нас во Владата и тука пред се, говорам за себе, постои спремност тој процес, таа битка да ја водиме докрај бескомпромисно, ефикасно, без разлика на кого се однесува, на кои личности, кои места ги заземаат и во кои институции се наоѓаат. Во тој контекст, не би сакал да говорам апстрактно за одговорноста, туку ќе почнам од одговорноста, одговорноста на институцијата на чие чело јас се наоѓам, а тоа е Владата на РМ.

Тогаш кога ќе го добијам извештајот од страна на Републичкиот јавен обвинител и истражинот судија, јас ќе дојдам овде во овој Парламент, “- а знаете сеуште нема дојдено, пред вас и ќе кажам во Владата на РМ нема ниту еден член, било министер било заменик, кој што има врска со овие штедилници. Или ќе дојдам и ќе кажам, има тоа се тие и тие ик.тие ќе си понесат сопствена одговорност" - и тоа не го направи, нели.

"Во оваа прилика би сакал да го кажам следното. Не ми паѓа на памет јас како Бранко Црвенковски, не како претседател на Влада или претседател на СДСМ, јас како личност целокупниот свој углед и авторитет кој уште го имам, ниту пак угледот и авторитетот на институцијата на чие чело се наоѓам, да ги ставам во ситуација да бидат заложници на неодговорни или криминогено однесување од било кој поединец од било која партија, од било кое место.

И тука сакам да ви кажам, овде има политички партии различни, има во Парламентот, има вонпарламентот, тоа се однесува на сите политички партии и на таа на чие чело јас се наоѓам. Не СДСМ да е свети СДСМ.

Криминалот во РМ во овој момент е во таква форма и фаза, за кој што ако сакаме да се бориме со него, треба да бидеме подготвени на хирушки зафат. Треба за големиот дел од телото да го отсечеме, макар толку да боли, за да го спациме целиот организам на оваа држава и ова општество. Тоа може да кошта, тоа може да погоди многу луѓе, луѓе со големо влијание, може да погоди луѓе во различни институции, може да потресе институции, нели, по хоризонтала и вертикала. Бидејќи досега постојано се поставуваше прашањето за битка против криминалот, организираниот криминал, се сеќавам честопати низ медиумите со право, ќе речам и вие пратениците овде позиција - опозиција ја прозивавте Владата зошто

таа битка ја најави а не јаводи, зошто таа битка ја најави апстрактно, водиме битка демек против криминалот, организираниот криминал, овој пат имаме шанса неапстрактно, на конкретна ситуација, по конкретен повод, во конкретен случај, еве на пример штедилницата ТАТ за конкретни личности, што од тоа ќе произлезат и да ја покажеме подготвеноста, па таа битка да ја изведеме до крај.

Бидејќи јас сега во овој момент немам факти, меѓутоа, ми се чини имам индиција, ако немам факти, ми се чини дека во случајот на ТАТ не се работи само за штедилничка афера, туку се работи за еден октопод, кој ако го расчлениме до крај не знаеме до каде пооделните пипци на тој октопод ќе стигнат, било по хоризонтала, било по вертикала, по висина на институциите. Нема виши државни интереси. Ако влегуваме во оваа битка, највисок државен интерес е да влеземе во битка со овој криминал до крај.

И на крајот, исто така би сакал да ја искористам оваа прилика да упатам порака до политичките партии застапени во овој Парламент и во политичките партии надвор од него, дека првиот ден одкако ќе ја расчистиме оваа работа околу одговорноста, јавно ќе ги обелодениме сите личности кои на еден или друг начин директно или индиректно имаат свои прсти и се замешани во сите овие афери, без разлика кои се и на кое работно место се наоѓаат и откако ќе излеземе како Влада пред вас со решенија што ги предвидуваме за обештетување на граѓаните, јас како претседател на Владата на РМ и како претседател на СДСМ подготвен сум да седнам со сите релевантни политички партии, да отвориме дијалог и околу пакетот закони што се однесуваат за следните избори и околу датумот на кои тие избори во наредниот период ќе ги одржиме.

Меѓутоа, откако ова прашање ќе го расчистиме. Тој долг го имаме и ние како Влада и вие како Парламент во овој состав", завршен цитат.

Значи, последната реченица е дека имаме долг како Влада кон овој Парламент, кон јавноста.

Пратеничката група на ЛДП бара Владата да ја достави оваа информација од следните причини.

1. Претседателот на Владата и Владата на РМ да се произнесат во врска со дадените ветувања пред пратнеиците во Собранието и јавноста во РМ. Заради потребата пратениците во Собранието да добијат прецизни информации:

Прво, за степенот на остварување на процесот за поднесување на одговорноста на аферите во аферата ТАТ и другите штедилници, што беше најавено од Парламентот паралелно со обесштетувањето на граѓаните.

Второ, зошто јавноста и пратениците сеуште не се запознаени со конкретните потези и мерки за одговорност, што надлежните органи ги превзеле спрема конкретните личности.

Трето, колку бескомпромисно и ефикасно Владата ја водеше битката против актерите, без разлика на нивните позиции и статус во оптшеството.

Четврто, зошто премиерот сеуште не ја известил јавноста не за апстрактните, како што вели тој, туку за конкретните мерки на одговорност за луѓето за институциите на чие чело се наоѓа тој.

Петто, зотшо премиерот не остана доследен на ветувањето и не дојде во Собранието за да каже кои министри имале врска со штедилниците.

Шесто, дали има поединци од СДСМ или "свети СДСМ" кои се обиделе Владата и СДСМ да ги поведат во улога на заложници, неодговорни или со криминогено однесување.

Седмо, каков хируршки зафат превзеде премериерот за да го отсече заболениот дел од телото, без разлика колку тоа боли, како што изјави самиот. Колку тоа чинеше, кои луѓе ги погоди и кои институции ги потресе.

Осмо, дали сеуште е подготвен за водење на лицата до крај, во конкретниот случај со аферата ТАТ.

Девето, до каде стасале пипците на октоподот во неговото расчленување по хоризонтала и вертикала во институциите, и

Десето, поради кои виши државни интереси сеуште нема скоро никакви резултати. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата не приваќа да изготви ваква информација, од причина што истражните дејствија се работа на органите на прогонот и органите на правосудството. Пратеникот

очекува таква информација, на начин на кој беше поставено тука, Владата ниту има надлежност ваква информација да подготви.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Господине Зибери мене ми е потполно јасно тоа што го велите. Јас во името на пратеничката група барав Владата да поднесе информација за ветувања што ги даде премиерот на Владата дека ќе излезе пред Парламентот и ќе проговори за тие работи. Значи се работи за ветување дадено од премиерот на оваа говорница пред пратениците и целокупната македонска јавност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот на пратеничката група на ЛДП, за дополнување на дневниот ред со една ваква информација, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор господинот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници.

Јас предлагам, со оглед на тоа што е очигледно дека оваа седница ќе продолжи и другата недела, со оглед на обемниот дневен ред, предлагам за оваа седница Министерството за урбанизам и Вла-дата, да изготват информација и да ја достават до ова Собрание, а на оваа седница Собранието да расправа по Информацијата, во врска со изградбата на паркинг просторот во населбата "Јане Сандански", бидејќи сите сме очевидци дека граѓаните од оваа населба реагираат веке со денови, а официјалниот орган, Министерството за урбанизам не се огласува.

Како што е познато во населбата "Аеродром" и населбата "Јане Сандански" постои сосема мал зелен простор и доколку Министерството за урбанизам дозволи да се изгради овој паркинг простор би дошло до нарушување, а мислам дека меѓу нас се и претставници на Комисијата за екологија и дека и тие ќе го поддржат барањето за оваа информација.

Сметам дека реакциите на граѓаните од населбите "Јане Сандански", "13 Ноември", "Острово", "Вардар" и воопшто целиот Аеродром - Ново Лисиче, се сосема оправдани, бидејќи навистина на ова место не би требало да се гради паркинг простор, со оглед на тоа што има малку зеленило. Тоа зеленило треба да се проширува, а не да се уништува. Треба да се бараат начини во овие населби да се зголемат површините под зеленило. Од таму предлагам на оваа седница да се расправа за една таква информација која би ја изготвила Владата, односно Министерството за урбанизам.

Исто така, веке неколку седници поставувам барање за поднесување и расправа за Информацијата за состојбите во фирмата "Стакло-кристал". Потпретседателот на Владата, господинот Бузлевски неколку пати ми ветува дека тоа ќе биде сторено на наредната седница. Меѓутоа, таква информација сеуште не добивме. Се работи за една фирма која е приватизирана и каде што е дојдено до присилно порамнување меѓу вработените и новите сопственици, каде што новите сопственици се обврзаа во определен рок, кои што веќе година и повеќе е пробиен, да им ги исплатат заостанатите придонеси на вработените во "Стакло -кристал". Со оглед на тоа што не сме добиле ваква информација и не сме расправале и покрај ветувањето на потпретседателот на Владата, предлагам за оваа седница да биде расправано, бидејќи веќе неколку седници го одлагаме тоа прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Навистина мислите господине Шапуриќ Собранието да расправа за изградба на паркинг -простор?

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Да.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро. Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

По однос на првото барање Владата не прифака да изготви информација по повод која би се отворила расправа во Собранието, а прифаќаме како информација за пратеникот да изготвиме и да му ја доставиме на пратеникот.

Што се однесува до второто прашање, информацијата се изготвува и откако ќе биде утврдена од страна на Владата, истата ќе биде доставена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали сте согласни со одговорот господине Шапуриќ?

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Да.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

На 31 март од ова Собрание беше усвоен Извештајот на Анкетната комисија за случувањата во Гостивар, со Предлог мерките и беа донесени соодветни, односно одредени заклучоци со кои заклучоци Владата требаше во рок од 60 дена да поднесе информација во однос на дејствувањата, односно преземените мерки и чекори на органите, посебно МВР, Министерството за правда и Јавното обвинителство, за евентуалната одговорност на лицата кои беа директно или индиректно поврзани со тие случаи. Денес практично поминува третиот месец и сеуште немаме таква информација.

Предлагам, бидејќи сум сигурен дека оваа седница ќе потрае, на оваа седница да се достави таква информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам потпретседателот на Владата, господинот Зибери да се произнесе по овој предлог.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Таква информација се изготвува, меѓутоа не за оваа седница.

Кога ќе биде готова, ќе ви биде доставена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа на минатата седни-ца побарав Владата да подготви информација за состојбата и инволвираните страни и фирми околу транзитното поминување на домати во Република Македонија.

Претставникот на Владата, во таа прилика вети дека за наредната седница т.е за наредната седница Владата ќе изготви информација и ќе ја достави до Собранието. До овој момент немаме добиено информација, па би го замолил претставникот на Владата, г-динот Зибери, да не информира како стојат работите околу изготвувањето на бараната информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата, г-динот Зибери да се про-изнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Пратеникот е во право. Информацијата е изготвена, меѓутоа заради објективни причини, претседателот на Владата е на пат, Владата не заседаваше во понеделникот да ја утврди и денес да ја имате. Следната седница, бидејќи информацијата е подготвена, Владата ќе ја утврди и истата ќе ја имате.

Инаку само за Ваша информација Матичната комисија, вчера ако не грешам имаше расправа, беше присутен министерот за земјоделие, каде што членовите на Комисијата беа детални информирани за целата состојба и информацијата како таква од страна на Комисијата беше прифатена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-динот Каров се согласува со одговорот? (Да)

Дали уште некој пратеник има предлог за дополнување.

**МИТКО ИЛИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Мојата интервенција се состои во тоа што барам точките, а мислам со тоа ќе се согласат и останатите предлагачи, Предлогот за избор на претседател на Основниот суд од Прилеп, Предлог за избор на судии во основните судови во Скопје, Гевгелија и Прилеп и Предлогот за распишување за пополнување на упразнетите места за општински јавни обвинители, да бидат меѓу првите точки, бидејќи, еве и по најва на пратеници, по долгиот дневен ред, мислам дека ќе се оддолжи оваа седница, па како би било во склоп на законот, овие објави да почнат да течат од утрешниот ден.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, прво да го утврдиме дневниот ред, а за редоследот ќе се договориме.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор за дополнување за дневниот ред, молам, кој е за предложениот дневен ред да крене рака? (59).

Дали има некој против? (1).
Дали некој се воздржува од гласање? (1).
Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.
Ако се придржуваме на договорот, предлагам да поминеме на втората точкаод дневниот ред.
Минуваме на втората точак од дневниот ред - Предлог за донесување на Закон за задолжување на Република Македонијакај Европската инвестициона банка, по договор за кредит, со Предлог на закон.
Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.
Молам, кој бара збор?
Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Бидејки се работи за кредит, барам да го известите Собранието дали има овластен претставник на Владата по оваа точка од дневниот ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тука е потпретседателот на Владата.
Потпретседателот на Владата може да ја застапува Владата во отсуство на претседателот на Владата.
Дали некој друг бара збор? (Никој).
Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собраниеот му предлагам да го усвои следниот заклучок:
Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за задолжување на Република Македонија кај Европската инвестициона банка, по договор за кредит.
Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (58).
Дали има некој против? (3).
Дали некој се воздржув аод гласање? (2).
Констатирам дека заклучокот е усвоен.
Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.
Кој е за, молам да крене рака? (54).
Дали има некој против? (1).
Дали некој се воздржув аод гласање? (3).
Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.
Отворам општ претрес по Предлогот на законот.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.
Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.
Дали некој друга бар азбор? (Никој).
Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (56).
Дали има некој против? (1).
Дали некој се воздржув аод гласање? (3).
Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на РМ кај Европската инвестициона банка, по договорот за кредит.
Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,45 часот).